


# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***Ноември 2024 година***
***ЕУЦ-број 96/2024***

## САМИТ НА ЕВРОПСКАТА ПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА




Петтиот самит на Европската политичка заедница се одржа на 07 ноември годинава во Будимпешта. Поводот за самитот беа безбедносните предизвици во Европа, во контекст на Руско-Украинската војна, ескалација на конфликтот на Блискиот исток, миграциите, економската нестабилност поврзана со енергетиката, транспортот, ИТ и глобалната размена. Лидерите дискутираа и за неодамнешните избори во САД и односите помеѓу САД и Европа, по изборите.

На самитот присуствуваа претставници од 42 земји, од кои лидери на 24 земји членки на ЕУ, додека останатите 18 беа од други држави и од земјите кандидати за пристапување кон ЕУ.

Европската политичка заедница има за цел да ги негува и практикува политичкиот дијалог и соработка за адресирање на проблемите од заеднички интерес и зајакнување на безбедноста, стабилноста и просперитетот на европскиот континент. Оваа иницијатива беше поддржана од актуелниот претседател на Француската Република Емануел Макрон, којшто ја реформираше во мај 2022 година.

На Самитот, за новиот европски договор за конкурентност лидерите на ЕУ усвоија Декларација во која се нагласува потребата од итно и одлучно дејствување за да се постигнат зацртаните цели.

Во Декларацијата се наведени седум главни цели.

Интензивирање на напорите за обезбедување функционален единствен пазар на Европската Унија и преземање „одлучни чекори“ кон Унијата на штедење и инвестиции до 2026 година и итен напредок во изградбата на пазарот на капитал на ЕУ.

Европската индустриска политика мора да обезбеди развој на технологии кои ќе бидат клучни во иднина и во исто време да ги надмине проблемите на транзицијата и да постигне декарбонизација, се нагласува Декларацијата.

Европската Унија треба да ги поедностави своите бирократски процедури и да обезбеди јасна и едноставна регулаторна рамка за компаниите, да ја зајакне одбранбената индустрија и да застане на чело на истражувањето и иновациите на глобално ниво.

Европската Унија мора да ја следи двојната цел за стратешки енергетски суверенитет и постигнување климатска неутралност до 2050 година.

Повеќе информации на: [Budapest Declaration on the New European Competitiveness Deal - Consilium (europa.eu)]

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Самит на Европската политичка заедница | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Есенска економска прогноза на ЕК | 3 |
| Виена: Година на демократијата | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Буџетот на ЕУ за 2025 година | 6 |
| Структурни грантови за меѓународни младински организации | 6 |
| Измени на европската Регулатива против дефорестација | 7 |
| Искоренување на насилството врз жените | 7 |
| Образованието и спортот преку ЕРАЗМУС+ | 8 |
| Прекумерна употреба на антибиотици | 8 |
| Ризици од примена на вештачка интелигенција | 9 |
| Данска и Шведска со нови стратегии за животна наука | 9 |
| Нови проекти за воен развој на ЕУ | 10 |
| Директива за осигурување на моторни возила во ЕУ | 10 |
| Трошоци за здравствена грижа во Европа | 11 |
| ЕУ календар / декември 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 13-19 ноември 2024***

Европратениците на пленарната сесија со 371 гласа дадоа согласност за одложување на примената на Регулативата за уништување на шумите за уште една година.

Европарламентот усвои барања за Конференцијата на ОН за климатски промени COP29, која има за цел да дефинира нова колективна цел за финансирање на климатските акции. Во резолуцијата усвоена со 429 гласа ЕП ги повик земјите-членки за нова колективна цел за финансирање за 2025 година, усогласено со принципот загадувачот плаќа и ќе се заснова на различни јавни, приватни и иновативни извори на финансии.

Европратениците побараа повеќе насочени санкции на ЕУ против руската таканаречена „флота во сенка“, која обезбедува клучен финансиски спас за војната на Москва во Украина. Во резолуцијата усвоена на 14 јануари, Европскиот парламент повика на повеќе насочени мерки во следните пакети санкции на ЕУ, вклучувајќи ги бродовите, нивните сопственици, оператори, менаџери, сметки, банки и осигурителни компании, потоа намалување на цените на нафта и нафтените производи и забрана за увоз на руски фосилни горива во земји членки за ЕУ. Поголемиот дел од лидерите на политичките групи ја потврдија цврстата поддршка за Украина.

По повод одбележувањето на Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, како дел од кампањата Orange the World, претседателката Роберта Мецола ја истакна постигнатата работа на Европскиот парламент особено во донесување на законодавството за борба против насилството врз жените и семејното насилство, криминализацијата на повеќе форми на злоупотребата онлајн и офлајн, на европско ниво, и дека ЕП треба да го продолжи овој пат понатаму.

***Пленарна сесија 26-28 ноември 2024***

Европратениците, со 370 гласа го поддржаа вториот мандат на Урсула фон дер Лајен како претседателка на Европската Комисија, заедно со новиот тим на Комисијата и програмата на ЕК.

Европратениците го усвоија Буџетот за 2025 година со 418 гласа. Буџетот претходно беше одобрен од Советот на 25 ноември годинава.

Европратениците со 660 гласа одобрија околу 116 милиони евра помош од Фондот за солидарност на ЕУ, за финансиска поддршка за обновување на Италија и Германија од поплавите во 2024 година.

Европскиот парламент со 444 гласови усвои Резолуција со која се осудуваат парламентарните избори одржани на 26 октомври во Грузија, земја-кандидат за ЕУ, бидејќи не се слободни ниту фер.

Европскиот парламент усвои три резолуции за прашањата за човековите права: Резолуција Хонгконг - усвоена со 473 гласа (за осудени активисти според законот за национална безбедност на Кина); Резолуција за Иран - за која гласаа 562 европратеници (против системска опресија на жените) и Резолуција за Камбоџа со 492 гласа (против потиснување на цивилното општество и синдикатите).

Во резолуцијата усвоена со 390 гласа, европратениците ги повикуваа земјите-членки на ЕУ дополнително да го зајакнат санкциите против Белорусија, Северна Кореја и Иран (натамошни санкции за земјите кои обезбедуваат воена помош на Русија) и на зајакнување на воената поддршка за Украина.

## ЕСЕНСКА ЕКОНОМСКА ПРОГНОЗА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА




Во есенската прогноза на Европската комисија на 15 ноември годинава во есенската прогноза за 2024 година ги објави економските перспективи на ЕУ. Се истакнува дека по подолг период на стагнација, економијата на ЕУ остварува скромен раст, а во исто време продолжува намалувањето на стапката на инфлација.
Европската Комисија во извештајот предвидува раст на БДП во 2024 година на 0,9% на ниво на цела ЕУ и од 0,8 во Еврозоната.
За следната 2025 година прогнозиран е економски раст од 1,5% во ЕУ и 1,3% во Еврозоната, додека за 2026 година се проценува зголемување на БДП од 1,8% на ниво на целиот блок и од 1,6% во еврозоната.
Во однос на стапката на инфлација се предвидува намалување на ниво на ЕУ на крајот на 2024 год. од ланските 6,4% на 2,6%, а во следните две години се прогнозира натамошно намалување на 2,4% во 2025 и 2,0% во 2026 година.
За Еврозоната, Комисијата предвидува намалување на инфлацијата од ланските 5,4% на 2,4% за годинава, на 2,1% во 2025 и на 1,9% во 2026 година.
Во извештајот се истакнува дека по обновениот раст во првиот квартал од 2024 година, економијата на ЕУ продолжила да расте и во текот на вториот и третиот квартал со ограничено, но стабилно темпо.
Продолжил растот на вработеноста и на реалните плати, иако потрошувачката на домаќинствата и натаму останала ограничена како резултат на високите трошоци за живот, зголемената неизвесност од можни нови екстремни шокови и стимулациите за штедење со повисоки каматни стапки.
Севкупно, се предвидува домашната потрошувачка дополнително да го поттикне економскиот раст. Во 2025 и 2026 година, извозот и увозот се очекува да растат со исто темпо, што подразбира неутрален придонес на нето трговијата на растот.
Европската комисија објавува сеопфатни економски прогнози двапати годишно во пролет и есен, покривајќи широк опсег на макроекономски и фискални варијабли за сите земји членки на ЕУ, кандидати за членство, државите од ЕФТА и другите големи пазарни и економии во развој.

[Autumn 2024 Economic Forecast (europa.eu)]

## ВИЕНА: ГОДИНА НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Виена е европска „престолнина на демократијата“ 2024/2025. Во главниот град на Австрија официјално започна Годината на демократијата. Титулата ја доделува организацијата „Европска престолнина на демократијата“, а Виена, како и Барселона вторпат ја доби наградата.

Во процесот на селекција, Виена победи седум градови кандидати и во следните дванаесет месеци интензивно ќе се занимава со темата демократија и учество на граѓаните во одлучувањето.

Титулата европска престолнина на демократијата е признание за залoжбите на Виена на полето на демократијата и учеството на граѓаните во демократските процеси, но претставува и задача доследно да се продолжи и развива овој пат. “Демократијата не се зема здраво за готово, тоа е заеднички проект што треба да го обновуваме од ден на ден”, истакна градоначалникот Михаел Лудвиг.

Во рамки на годината на демократијата ќе се обезбедат средства за реализација на одредени проекти. Најавена е и изработка на „Демократската




стратегија на Виена“ со учество на граѓанскиот сектор. Предвидени се и настани за меѓународна размена на различни модели на демократија. Дополнително, фокусот во голема мера ќе биде ставен на темата „лажни вести“.

https://capitalofdemocracy.eu/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





На 18 ноември 2024 година во седиштето на Европскиот парламент во Брисел, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши, се сретна со претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола. На средбата Гаши се заблагодари за силната поддршка на европската перспектива на нашата земја која во континуитет ја дава Европскиот парламент и особено претседателката Мецола и изрази очекување таа да продолжи сè до полноправното членство на земјата во ЕУ.

Во рамки на посетата Гаши оствари средба со известителот за Република Северна Македонија во Комисијата за надворешна политика Томас Вајц. На средбата Гаши изрази надеж дека Резолуцијата која ќе ја подготви Вајц како известител, ќе ја отсликува реалната состојба.

На средбата со Тијс Рутен, известител за Република Северна Македонија во сенка, претседателот Гаши го запозна соговорникот со актуелните случувања на планот на европската интеграција на земјата. Соговорниците истакнаа дека ЕУ мора да прати јасна и силна порака во овој критичен момент да се започне отворањето на поглавјата, бидејќи така граѓаните ќе ја добијат очекуваната визија за натамошниот развој на земјата.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието Африм Гаши на 13 ноември 2024 година оствари возвратна посета на Република Албанија, предводејќи делегација составена од пратеничките Јулија Тушевска и Фериде Хаџиу, членки на пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Албанија. На средбата со Елиса Спиропали, претседателка на Собранието на Република Албанија, беше истакната извонредната и динамична соработка на двете држави, со бројни реализирани средби на сите нивоа, што е показател и пример за квалитетна соработка меѓу две држави.
Делегацијата на Собранието, предводена од претседателот Гаши, беше примена и од претседателот на Република Албанија, Бајрам Бегај, при што беа споделени видувања за регионалните предизвици, модалитетите на билатералната соработка меѓу двете држави.





На 12 ноември 2024 година поранешните конгресмени Дејвид Скагс и Бил Флорс, како и претставниците од администрацијата на американскиот Конгрес и на ИРИ остварија заедничка средба со претседателот на Собранието, Африм Гаши и со потпретседателите Антонијо Милошоски, Весна Бендевска и Јован Митрески.
На средбата беа разменети мислења за демократските процеси, етичките норми и дијалогот меѓу пратениците од различни политички провиниенции во нашиот законодавен дом, како и за искуствата на тој план во Конгресот на САД.
На средбата со генералната секретарка на Собранието, Марина Димовска, и замениците на генералниот секретар Никола Ѓошевски, Бобан Стојаноски и Ибуш Јусуфи беше нагласена континуираната соработка и поддршка од ИРИ, посебно со Службата која е носител на институционалната меморија на Собранието.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Комисијата за европски прашања на 08 ноември годинава одржа Јавна расправа за Реформската агенда на Владата (2024-2027), која се однесува на Планот за раст на Европската комисија. Потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски, истакна дека Европската Унија има развиено сеопфатен план за раст, насочен кон економско зајакнување и стабилност на земјите членки и оние што се стремат кон полноправно членство. На седницата свои обраќања имаа и претседателката на Република Северна Македонија, Гордана Сиљановска-Давкова, амбасадорот на Европската Унија, Михалис Рокас и министерот за европски прашања Орхан Муртезани.








На 5 ноември 2024 година членовите на Комисијата за европски прашања, пратениците Мимоза Муса и Митко Трајчулески учествуваа на дваесеттиот состанок на Конференцијата на парламентарните комисии за европски прашања на земјите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа (КОСАП). Во фокусот на Конференцијата беа политика за проширување на ЕУ: Патот напред и регионалната соработка во Западен Балкан. На Конференцијата со консензус беше усвоена заедничка изјава во насока на понатамошна регионална соработка меѓу државите, прецизирајќи конкретните чекори и иницијативи за реализација на евроинтеграциските процеси.

Претседателот на Комисијата за надворешна политика и надворешна трговија, Муса Џафери и членовите на ова работно тело, на 26 ноември годинава во Собранието оствари средба со Делегацијата на Комисијата за надворешни работи, од Парламентот на Чешката Република, предводена од пратеникот Радек Вондрачек, заменик-претседател на Комисијата. Џафери и Вондарчек разменија мислења за долгиот интеграциски процес на нашата земја, за пречките на тој пат, како и за поддршката од пријателските земји кои веќе се членки на Европската Унија, меѓу кои е и Чешката Република. Средбата со Делегацијата оствари и членовите на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Чешката Република.





Делегација составена од пратеничките Јована Тренчевска и Мимоза Муса, генералната секретарка Марина Димовска, вработени во Службата на Собранието, на 26 и 27 ноември годинава, оствари посета на Парламентот на Шведска. Целта на посетата беше размена на искуства за улогата на парламентите во Механизмот за заштита на човековите права-Универзалниот периодичен преглед (УПР), во рамки на Советот за човекови права на Обединетите нации.
Генералната секретарка Димовска, оствари средба со заменик генералната секретарка на шведскиот Ригсдаг, Кристина Сварц што претставува важен момент за продлабочување на соработката помеѓу двата парламенти, со цел понатамошно јакнење на институционалниот капацитет на Собранието.

## БУЏЕТОТ НА ЕУ ЗА 2025 ГОДИНА



Европскиот парламент и земјите членки на ЕУ на 16 ноември 2024 година постигнаа договор за Буџетот на Европската Унија за 2025 година, кој според нејзиниот предлагач Европската комисија, се фокусира на главните политички приоритети на блокот и на актуелниот геополитички контекст.
Со постигнатиот договор вкупните обврски во Буџетот на ЕУ за 2025 се утврдени на над 199,44 милијарди евра, а вкупните предвидени исплати на околу 155,2 милијарди евра.
Според правилата на ЕУ, „обврските“ се законски обврзувачки ветувања за трошење пари за активности кои се спроведуваат во текот на неколку финансиски години, додека „исплатите“ ги покриваат трошоците што произлегуваат од обврските во Буџетот на ЕУ во тековната или претходните финансиски години.
Од вкупните средства во Буџетот 800,5 милиони евра се предвидени за покривање на непредвидени потреби на ЕУ. Во Буџетот, процентуално најголем дел односно околу 78 милијарди евра се наменети за обврски во ставката „Кохезија, издржливост и вредности“, над 56,7 милијарди за „Природни ресурси и животна средини“, речиси 21,5 милијарди за „Единствениот пазар, иновации и дигитализација“, 16,3 милијарди за „Соседството и светот“, над 12,8 милијарди за „Јавната администрација“, 4,8 милијарди за „Миграција и гранично управување“, над 2,6 милијарди за „Безбедност и одбрана“ и речиси 6,7 милијарди за посебни намени.
По постигнатиот договор Европскиот парламент и Советот на ЕУ имаат рок од 14 дена и официјално да го одобрат усогласениот Буџет. Буџетот беше усвоен од Советот и Европскиот парламент во текот на пленарната сесија од 26 до 28 ноември годинава.
За усвојување на Годишниот буџет потребно е квалификувано мнозинство во Советот на ЕУ.

https://www.consilium.europa.eu

## СТРУКТУРНИ ГРАНТОВИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ



Советот на Европа ја реафирмира важноста на граѓанскиот сектор во подобрувањето на демократските процеси и практикувањето на човековите права. Оваа беше потенцирано во финалната декларација на 4-от Самит на шефови на држави и влади во Советот на Европа, одржан во мај 2023 година.
Самитот одлучи да го презентира концептот на младинските перспективи во меѓувладината организација, имајќи ги предвид бенефитите на младинското учество. Активизмот на младите во процесот на донесување одлуки ја подобрува ефективноста на јавните реформи и ги зајакнува демократските институции преку отворен дијалог.

Европската младинска фондација ги зајакна дејностите во осмислување на начините за зголемување на соработката на младинските организации со цел осигурување на придонесот за мисијата на Советот на Европа. Нејзината главна цел е подобрување на меѓународната младинска соработка за одржување на мирот и практикување на основните човекови слободи и права. Една од донесените мерки на Програмскиот комитет за млади, во овој случај во ноември 2024, е зголемување на структурните грантови за меѓународните младински организации и мрежи 2024- 2025 за 23,4% годишен грант.
Покачувањето на грантовите беше поттикнато од желбата за активирање на младите во организацијата. Целта е зголемување на придонесот на меѓународните организации во приоритетите на Советот на Европа, поттикнување на младите и на понатамошниот развој на нивните дејствија.
https://www.coe.int/en/web/

## ИЗМЕНИ НА ЕВРОПСКАТА РЕГУЛАТИВА ПРОТИВ ДЕФОРЕСТАЦИЈА



Советот на Европската Унија на 20 ноември 2024 година ја реафирмираше поддршката на предложените измени на Регулативата против уништување на шумите. Со измените се предвидува одложување на примената за уште 12 месеци, како „најдобар начин да се обезбеди правна сигурност за сите засегнати страни“.
Ова одложување ќе им овозможи на државите од ЕУ, земјите кои не се членки на Унијата и на компаниите да бидат целосно подготвени за исполнување на нивните обврски од Регулативата дека стоките што се продаваат на европскиот пазар или се извезуваат надвор од ЕУ се произведени без да биде уништена шумска површина. Одредбата првенствено се однесува на производи од дрво, какао, соја, палмино масло, кафе и гума.
Советот на ЕУ нагласува дека измените нема суштински да влијаат на предвидените правила за минимизирање на придонесот на блокот во уништувањето и деградација на шумите ширум светот.
Регулативата против уништување на шумите стапи во сила од 29 јуни 2023 година и според сегашните правила требаше да започне да се применува од 30 декември 2024 година.
За да стапат во сила на време, предложените измени треба да бидат одобрени и објавени во Службениот весник на ЕУ пред 30 декември 2024 година.
Европратениците претходно дадоа поддршка на измените. Следен чекор е претставници на Советот на ЕУ и Европскиот парламент да го усогласат и усвојат конечниот текст на предлог-амандманите на Регулативата.

https://www.euronews.com/my-europe

## ИСКОРЕНУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ




По повод Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените - 25 ноември, во заедничката изјава на Европската комисија и на Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедност, се истакна дека сите форми на насилство врз жените претставуваат кршење на човековите права и поткопување на основни вредности на Европската Унија.
Се потврдува посветеноста на итно искоренување на насилството врз жените и девојчињата во соработка со земјите партнери, граѓанското општество, групите за правата на жените и бранителите на човековите права.
Дополнително беше нагласено дека жените низ целиот свет продолжуваат да трпат неискажливо физичко, сексуално, психичко и економско насилство, како офлајн, така и онлајн.
По пристапувањето кон Истанбулската конвенција, која ги опфаќа досега најамбициозните и најсеопфатни стандарди за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, Европската Унија, годинава го усвои првиот закон за ефикасна борба против насилството врз жените и семејното насилство, како надополнување на постојното законодавство во земјите членки.
Европската Комисија ги повикува сите земји-членки брзо да ги применат овие значајни мерки.

https://ec.europa.eu/commission
https://south.euneighbours.eu/news

## ОБРАЗОВАНИЕТО И СПОРТОТ ПРЕКУ ЕРАЗМУС+




Европската Унија на 19 ноември годинава донесе одлука да издвои околу 5 милијарди евра во рамки на програмата Еразмус+, за поддршка на студентска размена во странство и за партнерства за соработка во образованието, обуката, младите и спортот за следната 2025 година и објави конкурс за проекти за учество во распределбата на средствата.
Право на учество на конкурсот со проекти имаат и јавни и приватни институции во областа на образованието, обуката, младите и спортот од Северна Македонија, која е опфатена со програмата Еразмус+ заедно со сите 27 членки на ЕУ, трите држави од ЕФТА – Исланд, Лихтенштајн и Норвешка, како и Србија и Турција.
Износот на средствата за следната година е за 6,5% повисок од конкурсот за 2024 година.
Од создавањето на програмата Еразмус+ во 1987 година, ЕУ досега финансиски поддржала преку 16 милиони учесници на конкурсите. Еразмус+ дополнително е посветена на поддршка на поединци со помалку можности, поради што фокус е ставен на иницијативата „Европа во движење“, која поставува амбициозни цели за зголемување на мобилноста и учеството пред сѐ на недоволно застапените групи.
Дополнително, Еразмус+ продолжува да поддржува различни модели на соработка, како планот за „европска диплома“, односно признавање на стекнатите квалификации надвор од границите на матичната земја и за унапредувањето на соработката помеѓу високообразовните институции и студентската размена како дел од напорите за изградба на поинтегриран европски образовен систем.

https://ec.europa.eu/commission/

## ПРЕКУМЕРНА УПОТРЕБА НА АНТИБИОТИЦИ




Денот 18 ноември е Европски ден за подигање на свеста за антибиотиците. Здравствената и социјалната заштита потсетува на важноста кога и како се користат антибиотиците и зошто нивната одговорна употреба е многу важна.
Европската унија треба да преземе итни и одлучни мерки во борбата против отпорноста на антимикробните агенси, истакна Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ЕЦДЦ).
„Помеѓу 2019 и 2023 година, употребата на антибиотици во ЕУ се зголемила за еден процент, со што се оддалечи од целта за намалување од 20 проценти“, што е препорака на ЕУ, се нагласува во соопштението на Европскиот центар.
Отпорноста на антимикробни агенси – како антибиотици, антивирусни, антифунгални и антипаразитски лекови кои се користат за лекување на инфекции кај луѓето – е закана за јавното здравје, а особено за пациентите во болниците, нагласи ЕЦДЦ.
Центарот препорачува дејствување во три насоки: превенција и контрола на инфекции, особено преку подобрување на хигиената на рацете, земајќи ја предвид употребата на антимикробни средства и развој на нови такви средства.

https://www.oecd.org/

## РИЗИЦИ ОД ПРИМЕНА НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА



Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) идентификува неколку клучни ризици што ги носи вештачката интелигенција, нагласувајќи ја потребата за посеопфатен и инклузивен пристап, давајќи приоритет на човечкиот надзор и вклучување на социјалните партнери во распоредувањето на вештачката интелигенција.
Комитетот предупредува дека напредокот на вештачката интелигенција може да доведе до значителни загуби на работни места и поголеми нееднаквости доколку не се управува правилно. Автоматизацијата и алгоритамското одлучување може да ја поткопаат безбедноста на работата, да го зголемат интензитетот на работата и да ја намалат автономијата на работниците.
Ова би можело да го наруши менталното здравје и работните услови, особено ако системи за вештачка интелигенција се користат за надзор на работното место, следејќи ги вработените континуирано со показатели за изведба што е тешко да се оспорат.
Овој недостаток на правичност се надополнува со непроѕирноста на многу системи за вештачка интелигенција, што им отежнува на поединците да ги оспоруваат одлуките што влијаат на нивниот професионален живот.
Транспарентноста во одлучувањето за вештачка интелигенција и придржувањето на принципите е од клучно значење, обезбедувајќи дека вештачката интелигенција во јавните услуги го надополнува наместо да го замени човечкиот придонес.

https://www.euractiv.com

## ДАНСКА И ШВЕДСКА СО НОВИ СТРАТЕГИИ ЗА ЖИВОТНА НАУКА




Данска има за цел да издвои 53 милиони евра во периодот 2024-2027 во секторот за наука за животот. Владата на Шведска предлага зголемување на буџетот на секторот за истражување за 565 милиони евра за периодот 2025- 2028 година.
Новите стратегии за животни науки во Данска и Шведска ја споделуваат целта за зајакнување на секторот, зголемување на европската конкурентност и придобивки за пациентите.
Целта на Данската стратегија е да го прошири економскиот раст на секторот и да го удвои данскиот извоз на природни науки од 23 милијарди евра во 2023 година на 46 милијарди евра во 2030 година. Стратегијата има 5 приоритетни области и истата треба да биде одобрена од националниот парламент. Петте области се движат од поддршка на „одржливи“ компании за животни науки и зголемување на употребата на здравствени податоци, вештачка интелигенција и иновации за спроведување „револуционерни“ истражувања за подобри третмани до промовирање на употребата на иновативни и ефективни решенија и лекови за здравствена заштита, привлекување странски инвестиции и со тоа да се биде силен играч во ЕУ.
Целта на стратегијата на Шведска е да се постигне „заеднички напор за извонредност, долгорочна конкурентност и зголемена корист на пациентите“. Стратегијата поставува 30 нови работни цели во осум области. Вклучува проширување на соработката и партнерствата локално, на север, но и во ЕУ и на глобално ниво, зголемување на бројот на клинички испитувања, подобрување на употребата на здравствени податоци и воспоставување национална инфраструктура за дигитални здравствени податоци.

https://www.euractiv.com

## НОВИ ПРОЕКТИ ЗА ВОЕН РАЗВОЈ НА ЕУ




Европскиот фонд за одбрана (ЕДИРПА) годинава добил 298 нови предлози за развој на фондови со воена апликација, што претставува најголемиот број проекти примени во изминатите три години.
Предвидени се 1,1 милијарди евра средства од ЕУ за поддршка на развојот на следната генерација оклопни борбени возила за пешадија, контра мерки против хиперсонични ракети и разни видови беспилотни воздушни и копнени системи.
Меѓу поддржаните проекти ќе бидат истражувањата за автономна технологија за расчистување мини, за безбедни вселенски комуникации и за нова генерација хеликоптери и товарни авиони со средна големина.
Европската комисија ќе ги оценува предложените проекти според научните достигнувања. „Комисијата ќе го искористи и мислењето на независните експерти пред да ги објави своите одлуки во мај следната година“, се наведува во соопштението.
Избраните проекти на ЕДИРПА вклучуваат 20 земји-членки, од кои некои за првпат ќе се вклучат во заеднички проекти за набавки во одбраната. Ова ја одразува улогата на EDIRPA во охрабрувањето на соработката меѓу земјите-членки за решавање на критичните празнини во способностите, особено оние што се влошени со трансферот на одбранбени производи во Украина. Во просек, шест земји-членки учествуваат во секој проект - двојно повеќе од минималното законско барање на три земји-членки - покажувајќи интерес за поунифициран европски пристап за набавките на одбраната.

https://defence-industry-space.ec.europa.eu

## ДИРЕКТИВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ВО ЕУ



Европската комисија на 15 ноември годинава, даде рок од два месеци на Португалија и на уште пет други земји членки, целосно да ја транспонираат директивата на ЕУ за осигурување на моторни возила во националното законодавство.
Европската комисија соопшти дека одлучила да испрати образложени мислења до Португалија, Бугарија, Шпанија, Латвија, Малта и Романија бидејќи овие земји-членки „не ја известиле Комисијата за целосното транспонирање во националното законодавство, на изменетата Директива за осигурување на моторни возила“.
Крајниот рок за транспонирање од ЕУ во националното законодавство беше 23 декември 2023 година. На 25 јануари оваа година, Европската комисија испрати писмо за формално известување до овие земји-членки, но не доби задоволителен одговор.
Бидејќи овој нов краен рок не беше исполнет, Комисијата повторно инсистираше на тоа дека Бугарија, Шпанија, Летонија, Малта, Португалија и Романија сега имаат два месеци да одговорат и да ги усвојат потребните мерки.
Директивата за осигурување на моторни возила има за цел да ја зајакне заштитата на жртвите од сообраќајни несреќи низ ЕУ. Со овој амандман се појаснува опсегот на оваа заштита, се олеснува следењето на задолжителното осигурување на моторни возила и се создава механизам за обесштетување на жртвите во случај на несолвентност на одговорниот осигурител. Дополнително им олеснува на осигурениците да ги менуваат осигурителните компании, гарантирајќи еднаков и недискриминаторски третман на штетите.

https://www.euractiv.com

## ТРОШОЦИ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ГРИЖА ВО ЕВРОПА

Во 2022 година 3685 евра просечно, биле потребни за здравствени трошоци по жител на годишно ниво, во земјите од Европската Унија. Споредено со 2014 година, кога трошоците изнесувале околу 2658 евра, забележано е покачување од 38,6 % до 2022 година. Според статистичките податоци, највисоката просечна давачка била во Луксембург со околу 6590 евра по индивидуа. На второ место е Данска со 6110 евра, а по неа е Ирска со 5998 евра. Најмалку просечни трошоци биле остварени во Романија 858 евра, Бугарија 990 евра и Полска 1 137 евра.
Здравствените трошоци во сите земји членки на ЕУ, се зголемени од почетокот на 2014 година, се до 2022 година. Во Латвија, Литванија и Романија биле забележани најголемите релативни покачувања од рекордни 140.5%, 125.6% и 123.1%, споредени со 2014 година.
Во 2022 година во ЕУ, соодносот на тековните трошоци за здравствена заштита во однос на БДП изнесувал 10,4 %. Највисоките релативни трошоци биле забележани во Германија - 12.6% од БДП, Франција со 11.9% и Австрија со 11.2%. Здравствените давачки во Луксембург биле 5,6 % од БДП, во Романија 5,8% и Ирска 6,1%.
Само 6 земји од членките на ЕУ имале помал сооднос на трошоците за здравствена заштита на БДП во 2022 година, споредено со 2014 година. Најголем пад бил забележан во Ирска со намалување од 3,4 процентни поени, Данска (-0,8) и Холандија (-0,5).

https://ec.europa.eu/eurostat/




*ЕУ КАЛЕНДАР / декември 2024*

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 16 и 27/12/2024, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 17 и 28/12/2024, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 16-19/12/2024, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




